На крајот треба да се каже и тоа дека, корнста што произлезе од оваа наставно-научна и воспитна активност ни дава за право да се надеваме дека ќе биде пренесена и на генерациите што доаѓаат за да стане убава традиција така важна во наставно-научниот процес во кој треба да се воспитуваат и учат тие генерации.

Д. В.

## СЕМИНАР ЗА СТРУЧНО И ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ ПО ИСТОРИЈА ОД УЧИЛИШТАТА ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СРМ

Од 2 до 6 септември 1975 година на Катедрата за историски науки при Филозофско-историскиот факултет во Скопје се одржа Семинар за стручно и педагошко усовршување на наставниците по историја од училиштата за средно образование во СР Македонија. На овој четиридневен семинар присуствуваа околу 100 наставници од средните училишта во целата република. Работата на семинарот се одвиваше по однапред утврдена програма од Катедрата за историски науки и од Републичкиот завод за школство. Од предвидените предавања во Програмата не се одржаа само три, поради некои организациони проблеми.

На семинарот се одржаа следниве предавања:

1. Нови наоди од ископувањата од праисторискиот период на територијата на СР Македонија — предавач Д-р Иван Микулчиќ, вонреден професор на Филозофско-историскиот факултет, Скопје;

2. Грција во вториот милениум пред н.е. со посебен осврт на т.н. Хомерски период — предавач Душица Петрушевска, виш предавач;

3. Нови достигања на средновековната историја на македонскиот народ со библиографија — предавач Д-р Бранко Панов, вонреден професор;

4. Нови резултати во проучувањето на македонската историја во XV и XVI век — предавач Методија Соколоски, редовен професор;

5. Одгласот на Босанско-херцеговското востание во Македонија — предавач Љубен Лапе, редовен професор;

6. Привремено претставништво на Бившата Обединета Внатрешна Македонска Револуционерна Организација — предавач Љубен Лапе, редовен професор;

7. Светозар Марковиќ прв пропагатор на социјалистичките идеи во Србија — предавач д-р Александар Апостолов, редовен професор;

8. Нови документи за активноста на МАНАПО — предавач д-р Александар Апостолов, редовен професор;

9. Образовно-воспитните задачи на историјата на македонскиот народ застапена во наставната програма по историја — предавач д-р Војо Кушевски, вонреден професор;

10. Практична работа со подвижна слика — предавач д-р Војо Кушевски, вонреден професор.

Главната цел на овој семинар беше, да се запознаат наставниците по историја со новите достигања на историографијата, посебно на македонската историографија, во последните години и да се прошират познавањата на наставниците од одделни наставни содржини.

Низ предавањата на професорите од Катедрата за историски науки, беа направени опширни и продлабочени дообјаснувања на третираните моменти од историјата на македонскиот народ, кои се темелеа на нови археолошки ископувања, новопронајдени и обработени историски документи, нова историска литература и сл.

На семинарот беа одржани две предавања од Методиката на наставата по Историја. Во предавањето „Образовно-воспитните задачи на историјата на македонскиот народ застапена во наставната програма по историја“, посебно внимание му беше посветено на разработувањето на одделни наставни содржини од историјата на македонскиот народ и на нивното презентирање пред учениците во средните училишта во СРМ. Во ова предавање Проф. д-р Војо Кушевски се задржа на извесен број карактеристични примени за ова прашање и на нивните образовно-воспитни задачи.

Овој семинар за стручно и педагошко усовршување на наставниот кадар по историја од средните училишта е прв од ваков вид организиран на Катедрата за историски науки. За да ги има предвид мисленьата на учесниците за овој семинар и за програмата на идните семинари, Катедрата за историски науки спроведе една анонимна анкета меѓу учесниците на семинарот. Во анкетните прашања тие беа замолени: да ги изнесат своите општи впечатоци од семинарот, кои теми или прашања би сакале да се изнесат на наредниот семинар; да ги дадат своите забелешки за организацијата на овој и на идните семинари; да дадат свои мислења и сугестии на кој начин да биде застапена активноста, на самите наставници по историја од средните училишта, на овие семинари.

Во доставените одговори наставниците по историја се едногласни во искажувањата дека изборот на темите бил срекно направен, предавањата биле интересни, корисни и пристапни за слушателите. Поголем дел од анкетираните се на мислење дека на идните семинари треба да се обработат повеќе прашања од новата и најновата општа и национална историја. Од историјата на македонскиот народ тоа да бидат, теми од Првата светска војна, периодот меѓу двете светски војни, Втората светска војна и повоениот развиток на СФРЈ. Во некои одговори дури се прецизираат и насловите на темите што би сакале да се изнесат на идните семинари. Учесниците на семинарот пројавуваат посебна заинтересираност за предавања од Методиката на наставата по историја, за изведување на практични и нагледни предавања пред наставниците по историја и сл. Новите наставни планови и програми за училиштата за средно образование, исто така би требало да бидат предмет на дискусија на овие семинари. За да може да дојде до поголем израз активноста на самите учесници на семинарот, пожелно е предвидените предавања однапред да се отпеча-

тат и да се доставаат до наставниците по историја во средните училишта. Исто така, наставниците по историја би требало да истапуваат со свои реферати, известувања и дискусии за одделни проблеми поврзани со наставата по историја во средните училишта. Тие исто така се на мислење дека семинарот треба да се одржува пред почетокот на секоја учебна година и да биде задолжителен за сите наставници по историја од средните училишта во СРМ.

Овие искажувања на присутните наставници по историја на семинарот, големиот одзив на учесниците (првиот ден се појавија и наставници кои не се обврзани да присуствуваат, оние кои имаат над 20 години работно искуство), заинтересираноста со која ги следеа предавањата и дискусијата што се водеше по секое предавање, ни дава за право да констатираме дека беше постигната главната цел на овој семинар.

Новите знаења што ги добија наставниците по историја на овој семинар, ќе им бидат од голема корист во наставата, зашто во учебниците по историја и во наставните планови и програми не можат секогаш и во ваков обем да се третираат најновите достигања на историската наука, зашто тие не можат секоја година да се менуваат и дополнуваат.

На крајот слободно можеме да заклучиме дека овој семинар навистина ќе придонесе за стручното и педагошкото усовршување на наставниот кадар по историја и за унапредување на наставата по историја во училиштата за средно образование во СРМ.

**Д. П.**

## ОПШТЕСТВЕНО-ПОЛИТИЧКИОТ РАЗВИТОК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА САМОУПРАВНА ЈУГОСЛАВИЈА

### Семинар за наставниците што предаваат историја и општествено-политички систем во средните училишта во СРМ

Во просториите на Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование и студии во Скопје, на 25 и 26 септември 1975 година, се одржа Семинар за наставниците што предаваат историја и општествено-политички систем во училиштата за средно образование, на тема „Општествено-економскиот развиток на социјалистичка самоуправна Југославија".

Овој семинар го организира Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование и студии, Републичкиот завод за унапредување на образованието и воспитувањето и Сојузот на друштвата на историчарите на СРМ.

Семинарот го поздрави директорот на Републичкиот центар за идеолошко-политичко образование и студии, Димитар Герасимовски. Во својот краток говор тој истакна некои моменти кои влијаеле за организирањето на овој семинар и ја истакна неговата главна цел.

Потоа работата на семинарот се одвиваше по веќе утврдената програма. Со свои предавања на семинаров настапија наши истакнати општествено-политички и на-